Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-266/6
10-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-266/1 од 28.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Кочани, со адреса на живеење на ул. [redacted] во Кочани, за сторена дискриминација врз основа на религија или верско уверување во областа на образованието, науката и спортот од страна на Основно училиште "Малина Попиванова" со седиште на ул. "Тодосије Паунов", број 95 во Кочани, кон малолетната [redacted] од Кочани, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 07.07.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на религија или верско уверување во областа на образованието, науката и спортот од страна на Основното училиште "Малина Попиванова" во Кочани кон детето [redacted] од Кочани.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 28.03.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08-266/1, од страна на подносителот [redacted] од Кочани, во име на малолетното дете [redacted] од Кочани, а против Основното училиште "Малина Попиванова" во Кочани, за сторена дискриминација врз основа на религија или верско уверување во областа на образованието, науката и спортот.

Во претставката за заштита од дискриминација подносителот наведе дека стручните служби при ОУ "Малина Попиванова" во Кочани (директор, психолог, педагог, наставник) не и дозволувале на малолетната ќерка на подносителот на барањето, [redacted] да носи шамија во училиште за времетраење на наставата, во време на Рамазанските пости 2023 година, наведувајќи дека истото не го дозволува законот. Именуваниот се обидел да

разговара со психологот, но истиот не сакал да го сослуша и стоел на ставот дека ученичката не треба да носи шамија во училиште.

Комисијата со Барање за произнесување по наводи во претставка број 08-266/2 од 30.03.2023 година се обрати до Основното училиште "Малина Попиванова" во Кочани, кое достави Одговор број 03-1991 од 11.04.2023 година. Во одговорот е наведено дека на 24.03.2023 година на првиот наставен час ученичката [redacted] се појавила на училиште со наметка на главата од материјал во црвена боја кој го покривал поголемиот дел од лицето. Првата реакција на останатите ученици била видно вознемирувачка и зачудувачка. Наставничката ја упатила кон нејзиното место да ја следи наставата. По завршувањето на часот, наставничката го известила одделенскиот раководител, дека реакцијата на учениците била невообичаена и цело внимание на учениците било насочено кон ученичката. На часот кој го одржувал одделенскиот раководител ученичката била замолена за трпение во однос на нејзиниот изглед и нејзиното право да носи верско обележје во училиштето. Со останатите ученици разговарале за празниците кои се слават во државата и правеле споредба за Велигденскот и Рамазанскиот пост, разговор за кој можат да посведочат сите присутни ученици затоа што наставничката сакала да им доближи тема која предизвикала реакција кај учениците заради изгледот. [redacted] истиот ден ја продлжила наставата, а следниот ден повторно на настава дошла со наметка на главата, но продолжила да ја следи наставата. Во попладневните часови во училиштето дошол таткото на ученичката кој иако бил опоменат дека заради важечките протоколи не смее да влегува во училиштето, без да се легитимира влегол насилно во просториите на службата со викање и изразување на погрдни зборови. Во Главната книга и Збирката на податоци во училиштето за ученичката [redacted] нема податок ниту извод дека лицето [redacted] запишан како родител, односно татко на ученичката. Следниот ден ученичката не присуствувала на настава, дошла во училиштето со мајката и лицето [redacted] кој разговарал со директорот, а мајката неовластено го снимала разговорот. Се посочува дека училишниот педагог кој е споменуван во видеата бил на болничко лекување и не бил на работното место за време на спорниот настан.

Заради спорниот факт во врска со татковството на лицето [redacted], а со тоа и неговата активна легитимација за поднесување на претставката, Комисијата се обрати до именуваниот на 19.04.2023 година со Барање за доуредување на поднесената претставка, заведено под број 08-266/4, на начин

што ќе достави Извод од матичната книга на родените за детето [redacted] од Кочани. По ова Барање е доставен Одговор на 15.06.2023 година во прилог на кој е доставен Извод од матичната книга на родените во фотокопие заведен под број 10-4/1248 издаден на 24.04.2023 година од страна на Управата за водење на матичните книги-Кочани од кој е видно дека лицето [redacted] е запишан во графата-Татко на малолетната дете со име и презиме [redacted] од Кочани.

Согласно член 9 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, *секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Ова право ја вклучува слободата за промена на верата и убедувањето, како и слободата за изразување на својата вера или убедување, сам или заедно со другите, јавно или приватно, преку богослужба, поука, проповеди, верски обреди и ритуали*. Во став (2) од овој член се предвидува дека *слободата за изразување на својата вера или на своите убедувања може да биде предмет само на оние ограничувања што се предвидени со закон и кои претставуваат мерки во интерес на јавната безбедност, поредокот, здравјето и моралот или заштитата на правата и слободите на други, неопходни во едно демократско општество.*

Во член 9 од Уставот на Република Северна Македонија е уредено дека *граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичкото и верско уверување, имотната и општествената положба*. Во член 19 е уредено дека *се гарантира слобода на вероисповеста и се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата.*
Согласно член 3 став (1) од Закон за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 161/19 и 229/20), *секое дете има право на бесплатно и квалитетно основно воспитание и образование во основно училиште.* Во член 4 став (1) алинеја 2 се утврдува дека *основното образование се развива врз основа на начелото на еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност*, а со алинеја 7 се уредува дека *основното образование се развива и врз начелото на унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност*. Со член 5 од овој закон, *во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација,*

*родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование*. Во член 9 од законот пак, се утврдува дека ***Во основното училиште се забранува партиско и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.***

Заради соодветно постапување по претставката, Комисијата ја консултира и судската пракса на Европскиот суд за човекови права. При тоа од значење за Комисијата беше случајот ***Köse and Others v. Turkey***[1] во кој апликантите се жалеле дека забраната за носење на шамија во училиштата во основа претставува неправедна повреда на нивната слобода на верата и конкретно правото на слободно изразување на верата. Во овој случај судот наоѓа дека пропишаниот начин на облекување на учениците во училиштата (dress code) е генерална мерка која е применлива, односно важи за сите ученици независно од нивните религиозни уверувања, па наведеното не го наоѓа како повреда на член 9 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи.

Врз основа на сето наведено, односно врз основа на увидот во сите факти и докази и на основа на истите констатираната фактичка состојба, Комисијата не утврди дека е сторена дискриминација врз основа на религија или верско уверување во областа на образованието, науката и спортот, а во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* Во контекст на наведеното земен предвид член 5 од овој закон во кој е уредено дека *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен*

[1] Köse and Others v. Turkey (dec.) (coe.int)

*статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Согласно горното, а врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
07.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Основно училиште "Малина Попиванова"
  Ул. "Тодосије Паунов", број 95, Кочани
- Архива на КСЗД